**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-68/2**
**Скопје,11.07.2025 година**

Записник од дваесет и седма седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 11.07.2025 година

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Фатих Алиу член
г-ѓа Марјана Илиеска -член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева -член
г-дин Љупчо Коцевски - член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Кети Петкова -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ -член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот како и присутната јавност дека еден од членовите на Советот е оправдано отсутен поради користење на годишен одмор, а друг член на Советот бил спречен на дојде и присуствува на седницата. Кажа дека Советот има потребен број на членови како кворум за започнување на седницата, меѓутоа нема членови на Советот кои што се од редот на заедниците, што секако би имало влијание со однос на гласањето. Од наведените причини предложи седницата да биде одложена за наредната недела, по што отвори дискусија.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека со оглед дека станува збор за подрачја каде се избираат јавни обвинители за скопското подрачје поточно во ВЈО Скопје и јавни обвинители во ОЈО ГОКК Скопје, каде при избор на јавни обвинители е потребен бројот на членови кои се припадници на заедниците, би можело да настане проблем при одлучувањето и од тие причини смета дека е добро седницата да се одложи за неколку дена.

Откако никој не зема збор од страна на членовите на Советот предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен да седницата се одложи за неколку дена, а датумот дополнително да биде утврден и објавен на веб страницата на Советот.

На ден 16.07.2025 година со почеток во 10:30 часот продолжи дваесет и седмата седница на Советот.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Марјана Илиеска -член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева -член
г-дин Љупчо Коцевски - член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Кети Петкова -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ -член

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на дваесет и седмата седница на Советот, по што го предложи следниот:

Дневен ред

1. Донесување на одлука за избор на јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје
2. Донесување на одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција -Скопје
3. Измена на Годишен распоред за работа на Советот на јавните обвинители на РСМ.
4. Разно

Вака предложениот дневен ред од страна на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот за избор на јавни обвинители во ВЈО Скопје се имаат пријавено девет кандидати и тоа јавните обвинители Александар Маркоски, Марија Ѓоргева, Сања Бурјакоска Китаноска, Дарко Јакимовски, Зоран Маркоски, Љубомир Лапе, Јасмина Костеска Здравеска, Спасенка Андонова и Владимир Милошевски. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата на кандидатите и кажа дека сите се позитивно оценети по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека ги познава сите кандидати и наведе дека сите освен што ги исполнуваат условите се јавни обвинители со долгогодишно искуство и тоа од 15-27 години. Наведе дека нема конкретни забелешки и напомена дека дел од

кандидатите биле ангажирани во предметот со Кочани и биле дел од тимот на јавни обвинители кои имале активно учество и успеале да во најбрз временски рок предвиден со закон ја завршат истрагата. Кажа дека не може некого да издвои посебно, меѓутоа ќе каже дека сите кандидати ги исполнуваат условите и дека е задоволен од нивната работа.

Г-дин Ермон Незири кажа дека со оглед дека на огласот се имаат пријавено девет кандидати предложи најпрво да се премине на гласање, а потоа секој член доколку има некаков коментар да го даде за кандидатот.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ кажа дека како членови на Советот оваа функција им е дадена да ја извршуваат чесно и законито, да се грижат за состојбите во јавното обвинителство и да се работи на подобрување и унапредување на истите. Една од основните задачи на Советот е изборот на јавни обвинители во јавните обвинителства таму каде ќе се укаже за потребно и токму затоа Советот објавува огласи како што е предметниот оглас и на денешната седница треба да изврши избор. Во однос на кандидатите за ВЈО Скопје, генерално кажа дека ќе гласа за оние со оглед на нивното долгогодишно работно искуство како јавни обвинители, нивните постигнати резултати, нивниот интегритет, посветеноста во работењето, како и почитта што ја имаат од страна на останатите колеги јавни обвинители. Наведе дека тоа се оние кандидати кои според неа се издвојуваат од останатите, не дека и останатите не ги исполнуваат условите, меѓутоа смета дека одредени јавни обвинители заслужуваат да им се даде предност, шанса пред другите да бидат избрани на овој оглас.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предложи да се премине на гласање.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Дарко Јакимовски и Владимир Милошевски за јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје, додека останатите кандидати не го добија потребниот број на гласови за да бидат избрани за јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје. Избраните јавни обвинители функцијата јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје ќе ја извршуваат од 21.07.2025 година.**

Додека се гласаше за избор на јавни обвинители во ВЈО Скопје свои коментари за кандидатите искажаа членовите на Советот и тоа:

Г-дин Ермон Незири за кандидатот Марија Ѓоргева кажа дека ќе гласа против од причина што веќе е избрана во ОЈО ГОКК како јавен обвинител каде што однапред се знае мандатот и цени дека некој кој конкурирал и се нафатил да биде јавен обвинител со мандат од 4 години доблесно е да го истера мандатот до крај.

За кандидатот Дарко Јакимовски, заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека јавниот обвинител има 15 години работно искуство, дека како координатор на ВЈО Скопје ги познава приликите, дека станува збор за добар јавен обвинител и од тие причини ќе го даде својот глас за овој кандидат.

Г-дин Ермон Незири наведе дека и на претходниот оглас за овој јавен обвинител дебатирал, кажа дека целата досегашна кариера ја има посветено на јавното обвинителство, дека меѓу колегите важи за еден од најдобрите обвинители, дека го почитува правото и законите и цени дека има сработено неколку предмети за која јавноста е запознаена. Кажа дека бил и заменик на ОЈО на ОЈО Скопје, што е одговорна функција и смета дека е заслужено да биде избран во ВЈО Скопје.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ за кандидатот Дарко Јакимовски кажа дека е заменик на ОЈО на ОЈО Скопје, дека е раководител на Одделението за гонење на кривични дела против познати сторители и на Одделението за гонење на кривични дела против непознати сторители, Оделението за водење на книга за дневни настани, дека преку него се остварува соработката помеѓу ОЈО Скопје и другите институции како што се Основниот кривичен суд Скопје, полицијата и др. институции. Наведе дека во сите овие набројувања клучно е што сите зададени задачи успешно ги извршува со максимална посветеност и професионалност, па поради тоа го дава својот глас за овој кандидат.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ во однос на кандидатот Зоран Маркоски кажа дека и во претходнот оглас кога исто така јавниот обвинител конкурирал, истакнала дека станува збор за квалитетен јавен обвинител кој доаѓа од ОЈО Куманово, дека неговото долгогодишно искуство би можело да помогне во подобрувањето на квалитетот во работењето, а исто така како координатор за подрачјето на ВЈО Скопје има увид во месечните извештаи, извршени надзори и согласно наведеното го дава својот глас за овој кандидат.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски за кандидатот Љубомир Лапе кажа дека бил од тимот за случајот во Кочани, истакна дека станува збор за искусен јавен обвинител и затоа го дава својот глас за овој кандидат.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека го дава својот глас за кандидатот Јасмина Костеска Здравеска и наведе зошто општо позитивно гласа за кандидатите. Наведе дека сите кандидати ги исполнуваат условите, дека сите се позитивно оценети. Истакна дека во услови кога сите кандидати имаат позитивна оцена, сите ги исполнуваат условите и сите можат да бидат избрани за виши јавни обвинители, Советот е тој кој што треба брзо и врз основа на интерјуто, годишните извештаи, месечните извештаи, општо од гласот на јавните обвинители кој што работат со тие јавни обвинители и следејќи ја нивната работа да се даде една нијанса и приоритет на некои од нив. Од тие причини за кандидатите за кои гласала позитивно смета дека во овој момент на истите им дава приоритет, а не дека останатите кандидати не ги исполнуваат условите туку е личен став и мислење.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими наведе дека од сите кандидати за кои гласал за, воздржано или против кандидатот Владимир Молишевски има најголемо искуство од 26 години и од тие причини го дава својот глас за овој кандидат.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека го познава кандидатот Владимир Милошески дека работел на сајбер криминал и др. вид на криминал дека станува збор за искусен јавен обвинител и дека нема никакви забелешки на неговото работење. Воедно кажа дека ќе гласа за.

Г-дин Ермон Незири за кандидатот Владимир Милошески кажа дека ги има поминато сите степени во јавно обвинителство и тоа од волонтер, приправник, стручен соработник, јавен обвинител, а бил и јавен обвинител во ОЈО ГОКК Скопје, кажа дека е позитивно оценет и ја има неговата подршка.

Под точка два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот за избор на јавни обвинители во ОЈО ГОКК Скопје се имаат пријавено шест кандидати и тоа јавните обвинители: Наташа Поп Трајкова, Катерина Коларевиќ, Александар Маркоски, Дејан Петрески, Зоран Маркоски и Ана Стојковиќ Димитровска. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата на кандидатите и кажа дека сите се позитивно оценети по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека кандидатот Наташа Поп Трајкова работела како јавен обвинител во ОЈО ГОКК Скопје и работела на доста тешки и сложени предмети, дека од негова страна била упатена до 6 месеци во ОЈО ГОКК. Наведе дека кандидатите Наташа Поп Трајкова и Катерина Коларевиќ се уште се во ОЈО ГОКК Скопје, дека работат на сложени и тешки предмети и од последната извршена контрола е утврдено дека нема забелешки на нивната работа. Во однос на останатите кандидати кажа дека се немаат соочено со ваков тип на организиран криминал, освен еден кандидат. Кажа дека за дел од кандидатите ќе гласа за, додека за дел од нив воздржано.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предложи да се премине на гласање, а потоа доколку некој од членовите има свои коментари да ги искаже при самото гласање.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Наташа Поп Трајкова и Катерина Коларевиќ за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје, додека останатите кандидати не го добија потребниот број на гласови за да бидат избрани за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје. Избраните јавни обвинители функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на**

**организиран криминал и корупција Скопје ќе ја извршуваат од 21.07.2025 година.**

Г-дин Ермон Незири за кандидатот Наташа Поп Трајкова кажа дека има сознанија дека работи на неколку сензитивни предмети, така што мисли дека и упатувањето е времено, меѓутоа смета дека со целосен мандат треба да се даде шанса на кандидатот, а со цел предметите кои ги води успешно да ги заврши.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ за кандидатот Наташа Поп Трајкова кажа дека истата веќе поминала еден мандат во ОЈО ГОКК Скопје, притоа работата успешно ја извршувала, па од таа причина ќе гласа за овој кандидат.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека кандидатите Катерина Коларевиќ и Наташа Поп Трајкова веќе биле еден мандат во ОЈО ГОКК Скопје и воедно го замоли јавниот обвинител на РСМ и Вишите јавни обвинители кога ќе има оглас побрзо да ги оценуваат кандидатите за да не се прави вакум од неколку месеци и да не мора да има времени упатувања. Со тоа и Советот ќе биде поекспедитивен во својата надлежност. Воедно кажа дека ќе гласа за кандидатот Катерина Коларевиќ.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека кандидатот Катерина Коларевиќ работи на доста тешки кривични предмети, дека посетувала семинари како во државата, така и во странство. Смета дека не само што ги исполнува условите , туку станува збор за доста искусен јавен обвинител во овој дел така што го дава својот глас за овој кандидат.

Г-дин Ермон Незири дава целосна подршка на кандидатот Катерина Коларевиќ, кажа дека заедно имаат работено во ОЈО Скопје и дека ќе гласа за овој кандидат.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски за кандидатот Александар Маркоски кажа дека има и докторска титула, дека работел на последниот предмет со сообраќајната незгода каде што смета дека во однос на водењето на постапката успешно ја извршил и ќе гласа за овој кандидат.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ во однос на кандидатот Дејан Петрески кажа дека на интервјуто и оставил многу добар впечаток, но дека станува збор за јавен обвинител со помало работно искуство во споредба со претходните јавни обвинители за кои е гласано Наташа Поп Трајкова и Катерина Коларевиќ, па од таа причина на овие јавни обвинители им дала предност при изборот.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски за кандидатот Дејан Петрески кажа дека станува збор за искусен јавен обвинител кој во моментот работи на тежок предмет за фалсификување на пари од меѓународен елемент со овластување лично од самиот Јавен обвинител

на РСМ , но бидејќи претходно им дал предност на избраните кандидати смета дека ќе има слободни места во наредниот оглас.

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека после подолго време Советот работи во комплетен состав, дека е избран нов член на Советот од страна на Собранието на РСМ, г-дин Фатих Алиу и од тие причини истиот треба да биде одреден како координатор за едно од четирите виши јавнообвинителски подрачја. Воедно предложи членот на Советот Фатих Алиу да биде определен за кооринатор на ВЈО Битола заедно со колешката Зорица Павловиќ, а досегашниот координатор на ова подрачје г-ѓа Јелена Догазанака Колева биде координатор за подрачјето на ВЈО Скопје, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Од страна на членовите на Советот, предлогот на Претседателот на Советот беше едногласно усвоен, по што Советот изготви Измена и дополнување на распоредот за работа на членовите на Советот за 2025 година.

Откако никој не зема збор под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи дваесет и седмата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Душица Димитриеска